# „Муслиманот, кога ќе биде прашан во гробот, ќе посведочи дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Божјиот пратеник.“

Од Ел-Бера бин Азиб, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Муслиманот, кога ќе биде прашан во гробот, ќе посведочи дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Божјиот пратеник.“ Потоа го цитираше ајетот: ,,Аллах со постојани зборови верниците ги зацврстува и на овој и на оној свет." (Ибрахим, 27)

[صحيح] [متفق عليه]

Верникот ќе биде испрашуван во гробот од двајцата мелеци задолжени за оваа задача, наречени Мункир и Некир, како што се спомнува во бројни хадиси. Тогаш ќе посведочи дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Божјиот пратеник. Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол дека ова е цврстиот/постојаниот збор за кој Аллах вели: ,,Аллах со постојани зборови верниците ги зацврстува и на овој и на оној свет." (Ибрахим, 27)



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee